## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 август 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,22 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Кенан Хасипи, Владимир Ѓорчев, Стојан Андов, Ратко Димитровски, Катерина Димеска, Ивица Георгиевски, Оливер Деркоски, Надица Танчева-Тулиева, Марјанчо Колевски, Јаготка Ивановска, Борислав Стојменов, Лилјана Поповска, Павле Трајанов, Тито Петковски, Горан Мисовс Славица Грковска Лошкова, Игор Ивановски, Никола Ќуркчиев, Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Јован Манасијевски, Ѓорѓи Оровчанец, Менде Диневски, Роза Топузова-Каревска и Фијат Цаноски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени се претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија и член 179 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија заради разгледување на Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа за кој претседателот на Република Македонија не го потпиша указот за негово донесување.

Согласно член 52 став 2 од Уставот на Република Македонија законите и другите прописи се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија", најдоцна во рок од 7 дена од денот на нивното донесување.

Собранието согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија повторно треба да го разгледа законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, претседателот на Република Македонија е должен да го потпише указот.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници. Од нив 64 пратеници гласаа за, 1 воздржано, против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Процедурално има збор пратеничката Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Мојата процедурална забелешка е во врска со член 81 од вашиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија ...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, од Деловникот на Собранието на Република Македонија, значи од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

**Весна Бендевска:** Токму така, тоа е оној Деловник за кој не обезбедивте поддршка и од опозицијата, со оглед на тоа што станува збор за документ кој ќе ги уредува правилата на игра во ова Собрание. Но сеедно.

Со оглед на тоа што начинот на кој ја закажавте оваа седница по било каква процедура, дури и по вашиот Деловник, пратеничката група на СДСМ имаше намера да ве замоли да ги причекаме пратениците кои доаѓаат од подалечните места. Но со оглед на тоа што во овој момент имаме доволно пратеници од нашата пратеничка група, нема да го искористам правото да барам и мал прекин на оваа седница. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика ли сте? Пратеничката госпоѓа Цветанка Иванова се јави за реплика, повелете.

**Цветанка Иванова:** Не за реплика господине претседателе, јас ...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, за процедурално.

**Цветанка Иванова:** Согласно известувањето кое што го имате сабајле од СДСМ и согласно одредбите од новиот Деловник, јас имам право на процедурални забелешки.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, јас реков процедурално, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам.

Господине претседателе, во името на пратеничката група на СДСМ сакам да изразам огромно жалење на начинот на кој се однесува ова парламентарно мнозинство. Како навистина ова парламентарно мнозинство да не влече поука од ништо. Наместо да ја поздрави одлуката за враќање на СДСМ во Парламентот и за нормализирање на работата на овој Парламент која што е од многу битно значење за Република Македонија, ние денес ...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам колешке. Кога се бара збор процедурално согласно новиот

Деловник, член 88 вели “должни се да ја наведат одредбата од Деловникот и да образложат во што се состои неправилната примена на одредбата”. Затоа би ве замолил да го наведете членот, одредбата од Деловникот и во што е неправилноста.

**Цветанка Иванова:** Претседателе, бидејќи навистина вие не сакате опозиција во овој Парламент, не можам да ви се изначудам како вие како правник не можете да ме исчекате да докажам што е мојата реакција.

**Трајко Вељаноски:** Тоа од почеток се кажува, на почеток се кажува одредбата што е повредена.

(Довикување од место од пратениците од СДСМ)

Се извинувам, да не довикувате од место, да го чуваме дигнитетот на Собранието.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе, почитувајте го вашиот Деловник што го донесовте. Јас сум во моментот заменик координатор на пратеничката група на СДСМ и јас сеуште не знам кој е членот, но знам дека имам право да реагирам на начинот на кој е закажана оваа седница.

Имено, пораката која е по СМС добиена од моја страна лично, е добиена во 12,30 часот, па се прашувам како јас можам да стигнам од Струмица до овде, за разлика од некои кои можеби не патуваат, да стигнам од Струмица до овде и да бидам спремна на седницава да зборувам, а да не знам ни за која точка се работи, ни за што се работи. Да, вие имате право согласно Деловникот, но и јас исто така имам право да бидат информирана кога ќе имам седница и итна седница барем во пристојно време, за да можам денес да дојдам. Тоа е реакцијата.

Сега зошто се јавив за збор процедурално, бидејќи вие ме прекинавте. Сега реагирав на начинот, но зошто се јавив за процедурално.

Господине претседателе, бидејќи од разни работи кои ни ги подготвувате немавме доволно време да го прочитаме ова кукавичко јајце од Деловник, согласно член 167 став 2 по итна постапка може да се донесе закон кога е неопходно за спречување и отстранување на поголеми нарушувања на стопанството - во моментот нема, кога го бараат интересите на безбедноста и одбраната на државата - во моментот тоа го нема, во случај на поголеми природни непогоди - нема непогода освен мнозинството, во епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Ве молам како претседател на Собранието кој што многу добро го знаете Деловникот да ми истолкувате кои се причините и условите за итност на оваа седница што ве натерало да закажете и просто да не донесете од дома по домашна облека овде за да дебатираме. Сакам како претседател да ни образложите по кои одредби од Деловникот и кои се причините заради итноста на оваа седница.

**Трајко Вељаноски:** Веројатно од ваша страна не е доволно прочитан Деловникот и затоа се повикувате на член 167 од новиот Деловник, но за жал, таа глава за донесување на законите има одложена примена во рок од три месеци, значи се применува главата за донесување закони од стариот деловник и затоа погрешно ги цитирате членовите.

Без оглед на тоа, можам да ви кажам дека откако го добив писмото, односно писменото известување од претседателот на Република Македонија, врз основа на тоа писмо ја закажав оваа седница. Знаете дека тој цело време најавуваше дека ќе го достави тоа писмо и конечно стигна некако денес во 11,17 часот, значи заверено е на 4.08.2008 годиан во 11,17 часот. Откако го добив тоа писмо, врз основа на тоа, ја закажав оваа седница. Тоа е моето објаснување. Согласно Деловникот, согласно одредбите на Деловникот оценив дека треба да се закаже оваа седница, затоа што го добив конечно писмото од претседателот на Република Македонија, господинот Бранко Црвенковски дека не го потпишува указот за овој закон.

(Реакција на пратеничката Цветанка Иванова со зборовите: “Јас имам право на реплика според стариот Деловник”).

Не е реплика, извинете, процедурално е ова. На процедуралната забелешка, јас давам објаснување. Дали на вас ви се допаѓа или не, тоа е веќе друго прашање, инаку, согласно Деловникот јас давам појазнување. Така беше и по стариот Деловник, не знам зошто вака се мешате. И по стариот Деловник претседателот на Собранието дава појаснување.

Процедурално, има збор госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во името на пратениците од НСДП сакам да поставам едно процедурално прашање. Вие пред малку кажавте дека сте го добиле писмото денес од претседателот и кажавте дека сте го прочитале. Сметам дека како институција Претседател на државата треба да се почитува, во неговото образложение стои дека причината зошто указот не е потпишан е токму итноста на овој закон и јас прашувам зошто вие повторно овој закон го ставивте по итна постапка.

**Трајко Вељаноски:** Ако испаѓа да го објаснувам целосно, прво, овој закон не е по итна постапка ставен. Претходно имало на ист начин. Некогаш кога се поставува прашање треба да се прочита, да се види. Секогаш кога Претседателот на Република Македонија не потпишува некој указ, тој закон се поставува на следна седница како закон, така пишува во Уставоат и тоа не е по итна постапка, туку свикана е оваа итна седница, а не е законот по итна постапка. Процедурата е таква, седницата е итна, а итна е затоа што оценив дека треба во конкретниот случај за конкретниот закон побрзо да се разреши укажувањето од страна на Претседателот на Република Македонија зошто не го потпишува законот. Тоа е моето објаснување.

Гледам дека се пријавени госпоѓа Иванова Цветанка, госпоѓа Бендевска Весна, господин Станковиќ Емилијан и госпоѓа Соња Мираковска.

Господин Станковиќ Емилијан има збор процедурално, затоа што процедурално еднаш веќе добија збор и госпоѓа Мираковска Соња и госпоѓа Иванова Цветанка и госпоѓа Весна Бендевска, во тие три минути имавте можност сите забелешки што се во однос на Деловникот да ги кажете.

Повелете процедурално господин Станковиќ Емилијан.

**Емилијан Станковиќ:** Почитуван претседателе, благодарам за зборот.

Почитувани пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи очигледно не добивме образложение која е итноста да се свика оваа седница и да се стави Закон за употреба на јазиците, бидејќи членот 167 и ниту еден услов наведен во него не е исполнет за денешната седница за итност, сега ќе се префрлам на членот 168. Кога веќе сакате децидно да го почитувате Деловникот, бидејќи таму вели, цитирам: “За оправданоста Предлогот на законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес”, но во исто време ставот 2 вели: “Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот законот да се донесе по итна постапка, ги задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот”.

Оттука процедурално согласно член 168 барам веднаш да ја прекинете седницата и да ги задолжите, бидејќи се формирани исто така без опозицијата, Законодавно-правната комисија, Комитетот за односи меѓу заедниците и Комисијата за политички систем. Тоа е согласно Деловникот, согласно член 168. Благодарам претседателе.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Да ви дадам појаснување. Треба да се свати дека законот не се носи по итна постапка, туку седницата е итна. Тие термини се многу различни, но се мешаат. Во конкретниот случај, редовна постапка е, кога се носи ваков тип на закон откако Претседателот на Република Македонија нема да го потпише указот. Одредбите што ги читавте за жал се однесуваат на закон што се донесува по итна постапка, но во случајот седницата е итна и тоа е сосема различно. Тоа е различна терминологија и сосема различна постапка. Затоа не би требало на тој начин вие да го применувате Деловникот.

Преминуваме на работа.

Пред да преминеме на расправа по точката од дневниот ред, Ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

(Реакција од пратениците од СДСМ)

Листата на пратениците не може да се менува и дополнување во текот на претресот.

Едновремено, Ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот, може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точка 1 - Закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку ...**

(Реакција на пратеничка Радмила Шекеринска со зборовите: “Каде пишува само еднаш дека може да се јавиме за процедурално, по еден член?)

Вака сега, може ли да се договориме. Еднаш кога се пријавуваш, госпоѓа Радмила Шекеринска, ги кажуваш повредите на одредбите и во тој момент во тие три минути сите повреди кои ги имате, кои мислите дека се направени треба да се кажат. Така е според Деловникот. Без оглед дали мене или на вас ни се допаѓа, во процедуралното се кажува кои се повредите на одредбите. Од страна на пријавените пратеници, јас им дадов збор процедурално, го кажав моето објаснување и не знам зошто сега пак процедурално барате, ништо нема повреда во тоа. Во тие три минути имате можност да се ги кажете сите процедурални забелешки за повреда на Деловникот.

**Минуваме на точка 1 - Закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.**

(Реакции од пратениците на пратеничката група на СДСМ)

Да дочитам, ќе ви дадам процедурално.

Законот и дописот на претседателот на Република Македонија со кој известува дека не го потпишува указот за прогласување на Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа Ви се доставени.

Овој закон е ставен на дневен ред врз основа на член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија и член 179 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во врска со Известувањето на Претседателот на Република Македонија од 4 август 2008 година дека одлучил да не го потпишува указот за прогласување на овој закон.

Собранието согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија повторно треба да го разгледа законот, односно само да го разгледа бидејќи Законот е донесен.

Значи ќе имаме расправа и ништо повеќе од тоа.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон

се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедницаите кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да отворам претрес, гледам за процедурално се има јавено господин Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе.

Бидејќи се држиме до процедурата според новиот Деловник на Собранието на Република Македонија, согласно член 70 каде што вели дека пратеник и Владата можат до утврдувањето на дневниот ред на седницата да предложат внесување на точки во дневниот ред само во случај на итна и неодложна потреба, а тоа е по вашето кажување дека токму оваа седница е итна, а не е итен законот, предлагам втора точка од дневниот ред да се внесе, да се дополни и тоа Предлог-измени и дополнувања на Деловникот за работа на Собранието.

Ве молам точката и предлогот да го ставите на гласање.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, ама дали вие бевте тука или не бевте, ние предходно гласавме по мој предлог дека единствена точка на дневен ред да биде овој закон. Затоа не можам да го ставам. Еднаш гласало ова Собрание, како повторно ќе го гласа.

Со оглед на тоа, отворам претрес по законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат . . .

(Реакција со довикувања од страна на пратениците на СДСМ)

Ве молам.

(Дофрлање од место за барање реплика од повеќе пратеници).

Дадов објаснување, што да чекам.

(Негодувањето и реакциите продолжуваат)

Види, не можам да ставам нешто на гласање кога веќе Собранието се одлучило. Гласаше дека има единствена точка на дневен ред. Ќе биде законот. Вие барате да се дополни, а претходно гласавме дека нема дополнување на дневниот ред.

(Реакциите на пратеници од СДСМ продолжуваат)

Отворам претрес по законот.

Ги повикувам, предлагачот и прат. . .

(Дофрлања од место)

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат. . .

(Дофрлање од место)

10 минути пауза.

Пауза до 16,00 часот.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи во 16,00 часот)

Продолжуваме со работа.

Информиран сум дека во 15,05 кога ќе почне седницата дека за координатот на пратеничката група на СДСМ е определен пратеникот Јани Макрадули, а за негови заменици се определени пратениците Цветанка Иванова и Весна Бендевска. И потписи на пратениците кои се во пратеничката група.

Инаку, за информација од моја страна беше побарано неколку пати претходно да се произнесат во формирањето на пратеничката група и ја добив таа информација сега написмено. Инаку, била поделена и заведена во службите во 15,05 часот.

Значи, координатор е Јани Макрадули, а заменици координатори се Цветанка Иванова и Весна Бендевска. Значи, оформена е пратеничката група и кажано е кои се координатори и кои се заменици координатори.

Со оглед на тоа, продолжуваме со работа. Замениците координатори да ни кажат, дали имаат процедурално.

Од замениците координатори еве на пример Весна Бендевска да каже што е процедурално, а потоа Цветанка Иванова. Другите, Емилијан Станковиќ, Маринела Тушева, господин Горан Минчев, господин Николов Марјанчо и господин Андреј Петров, тргнете ги од дисплејот.

Јас ви кажав дека сега го добив дописот. Вие во меѓувреме го доставивте дописот, кој е координатор, кој е заменик координатор. Затоа пред да започнам јас го прочитав тоа за да се утврди.

Согласно новиот Деловник процедурално има право госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Почитуван претседателе, ајде да ги смириме страстите. Барам од вас детално објаснување на кој начин ја закажавте оваа седница. Согласно решението се повикувате на член 68 став 2, кој вели дека во итни случаи можете и во пократок рок од 10 дена.

Од друга страна, тврдите и говорите дека Законот не се носи по итна постапка. Многу сериозно е укажувањето на претседателот Црвенковски, зошто не го потпишал истиот овој закон, кој беше донесен од страна на владеачкото мнозинство на 25 јули.

Претседателот Црвенковски, ја спори итноста околу донесувањето на овој закон.

За да немаме причини одолговлечување, како што вие сакате, да помине безболно, односно што помал број на граѓани да видат дека во овој момент функционира коалиција ВМРО ДПМНЕ и ДУИ, што е неспорно и е владина коалиција.

Јас ќе морам да ве потсетам дека согласно членот 88 од Новиот Деловник, замениците координатори, со оглед на тоа што нашиот координатор не е присутен на оваа седница, имаат право да бараат процедурално исправка за непримена на Деловник и во тој поглед објаснете ни, сега ќе одиме на тоа дека замениците координатори можеме да бараме кога сакаме, бидејќи така имплицира новиот деловник, со оглед на тоа што вие дадовте и на пратеници кои не се заведени како заменици координатори.

Значи, имавте проблем со новиот Деловник и јас ве разбирам. И ние ќе го почувствуваме тоа, меѓутоа, со оглед на тоа што вие како претседател на ова Собрание сте должни да го применувате и вашиот деловник, молам, во еден мирен тон и конструктивна атмосфера да објасните како да се однесуваме понатаму. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Да ве информирам зошто пред малку добија тие пратеници можност за процедурално. Затоа што за волја на вистината, мислам дека и вие треба да признаете, јас како претседател на Собранието до вас и до други пратенички групи доставив допис во кој што побарав да определите кој е координатор и заменик координатор. До сега добив само дека има пратеничка група од ЛДП, заедно со Нова Алтернатива и дека е координатор Андреј Жерновски и заменик координатор Роза Топузова Каревска.

Од ВМРО ДПМНЕ имам добиено кој е координатор и кој е заменик координатор. Од страна на пратеничката група на ДУИ имам добиено кој е координатор и кој е заменик координатор.

За волја на вистината треба и вие да кажете дека од ваша страна до ден денеска, до 15,05 часот не беше доставен допис кој е координатор, а кој е заменик координатор. Значи, во текот на седницата вие кажавте кој е координатор, а кој е заменик координатор.

Со оглед на тоа дека е оформена пратеничка група, утврдено е кој е координатор и кој е заменик координатор, така ќе се применува Деловникот. Значи, за процедурално ќе имаат право координаторот и замениците координатори.

Затоа сега процедурално има право координаторот господин Јани Макрадули и замениците координатори Весна Бендевска и Цветанка Иванова.

Второ, врз основа на член 68 став 2, јас свикав итна седница, а не е Законот во итна постапка. Не знам зошто се мешаат тие два термина. Сосема е различно седницата да биде итна, а законот да биде по итна постапка. Конкретно, Законот е во редовна постапка, како што налага Уставот да се разгледува само закон, а седницата е итна. Итна е затоа што јас оценив да се свика итна седница и со оглед на дописот што го имаме добиено од претседателот на Република Македонија, повторно Собранието да реши дали го прифаќа овој закон или не го прифаќа. Тоа е моето увидување дека треба да биде свикана итна седница.

Дали сум во право, или не сум во право, тоа е веќе друго прашање. Мене деловникот ми дава за право да свикам итна седница. Тоа е моето објаснување.

За процедурално се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Очигледно е целосна збрка оваа седница и од начинот на кој што е закажана и од времето во кое што е закажана и од начинот на толкување на одредбите на Деловникот, затоа што јасно и е на Македонската јавост дека целта на оваа седница е да се исполни договорот за владино коалицирање помеѓу ДУИ и ВМРО ДПМНЕ и да се завршат сите оние работи кои што ги договориле надвор од очите на јавноста. Вие денеска ќе бевте среќни доколку опозицијата не дојдеше и да си го прочитавте само законот и нема онака да си го донесете, но за жал, иако некој не сака да сме тука, тука сме. Сега толкувате одредби од Деловникот. Точно е дека во преодните и завршните одредби од Деловникот вели дека Главата 10 ке се применува после три месеци од Денот на влегувањето во сила на овој закон.

Меѓутоа, имаме и една друга точка која што се однесува на потпишување и објавување на актите.

Претседателот на Собранието доставил писмо до Собранието денеска, не знам во колку часот

**Трајко Вељаноски:** Во 11,17 минути.

**Цветанка Иванова:** Јас не сум го добила како пратеник.

**Трајко Вељаноски:** Поделено ви е тоа писмо.

**Цветанка Иванова:** Јас се уште немам таков допис. Вие можеби сте го добиле, бидејќи вие имате привилегија да ги добивате актите и аконите, но јас не сум добила и бидејќи таков допис немам јас, ниту имам пак решение, сакам да ми објасните дали сега расправата почнува по стариот закон, или по новиот закон, по оваа точка од дневен ред прво прашање.

Второ прашање: дали ќе заседаваат матичните тела и

Трето прашање, во кој перод ние сега ќе поднесуваме амандмани и како ќе работиме? По стариот или по новиот Деловник. Затоа што ги мешате одредбите и од стариот и од новиот деловник, а очигледно е зошто се мешаат, се со една цел вие сакавте денеска на препат да фатите, затоа што и по новиот Деловник сега, доколку одиме, треба да се врати Законот во трето читање.

Јасна е целта, очигледна е целта и од начинот на кои што манифестирате нервоза да скриете пред очите на македонската јавност договорот кој што ви е постигнат со вашите партнери ДУИ. Но, еве го усоетивме овој план и мислам дека тука сме да укажуваме на јавноста што се се случува во ова Собрание.

**Трајко Вељаноски:** Еве да ви дадам појаснување. За жал, морам да констатирам дека вие госпоѓо Цветанка Иванова бевте пратеник во претходниот парламентарен состав. Зошто го кажувам тоа? Во конкретниот случај се работи за примена на одредбите, Глава 10 на стариот Деловник каде пишува во точка 8, потпишување и објавување на актите и член 179.

Исто, во стариот претходен парламентарен состав имате и вие учествувано во расправата

кога се расправаше за Предлог законот за пратениците, кога само се расправаше, немаше можност ни за амандмани, ни за ништо и затоа кажувам дека и вие ја имате таа пракса и ја имавте таа прилика и во петходниот парламентарен состав да го примените тоа и го применивте.

Конкретно овде има само расправа, затоа што Законот се разгледува. Така вели Уставот и така се применило и во претходмиот парламентарен состав во однос на Законот за пратениците. Имало само расправа и на крајот се гласало по законот.

Затоа точка на дневен ред е денеска Законот за употреба на јазиците, што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локална самоуправа. Тогаш се применила истата таа одредба и сега се применува истата таа одредба. И вие тогаш сте биле пратеник и сега сте пратеник кога се применила одредбата за Законот за пратеници. Тоа е моето објаснување.

Примената од Новиот Деловник за Глава 10 е одложена за три месеци. Се применува Глава 10 од претходниот Деловник. Тоа го пишува во преодните и завршните одредби и затоа укажувам дека овие одредби и тогаш се применувале од претходниот парламентарен состав и сега се применуваат и мислам дека таа паралела која што од страна на госпоѓа Цветанка Иванова како пратеник учествувала во таа расправа или не учествувала, важно тогаш се применувал Деловникот и имало само разгледување и само расправа по Законот, не по Предлог законот.

Може ли да се сослушаме. Госпоѓа Соња Мираковска не е во пратеничката група на СДСМ. Таа е како пратеник што не се во пратенички групи. Тоа е согласно Деловникот. Затоа давам процедурално на госпоѓа Соња Мираковска.

**Соња Мираковска:** Сакам да ве прашам зошто го суспендирате членот 173 во кој многу јасно во ставот 2 стои дека ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на закон Собранието во рок од 30 дена од денот на донесување на Законот расправа по тој закон.

Зошто го суспендирате овој член.

**Трајко Вељаноски:** Дали завршивте.

**Соња Мираковска:** Сметам дека во членот 68 не може став 2 во итни случаи претседателот да одлучи кога станува збор за непотпишување на еден закон кој поминал во процедура во Собранието.

Сакам појаснување: Зошто овој член во моментот го суспендирате? Да ја дефинирате причината.

**Трајко Вељановски:** Добро, ако завршивте еве и јас да ви дадам објаснување. Значи, тоа е мое право на одлучување дали ќе свикам итна седница. Во конкретниот случај овде е свикување на итна седница, а не носење на законот по итна постапка. Претходно кажав и сега го кажувам. Значи, свикување на итна седница во која што се става Законот за употреба на јазиците што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните. Инаку, согласно Уставот член 75 став 3 вели: “Собранието повторно го разгледува Законот” и затоа е ставен Законот за употреба на јазиците што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, како точка на дневен ред и мислам дека сите одреби од Деловникот и Уставот се применливи, поготово што кажав една паралела за Законот на пратеници на ист начин е постапувано во претходниот Парламент не 2006 и 2007, туку во претходниот Парламент 2002 - 2006 година. Тука е стенограмот, ќе кажеме која точка била на дневен ред и кога се применувало разгледување без амандманска расправа.

(Има реакции од место)

Не може реплика, завршивме со процедуралните.

**Радмила Шеќеринска:** (Зборува од место)

Каде пишува дека по овој член мора да се работи.

**Горан Минчев:** (Зборува од место)

Каде пишува дека само еднаш може процедурално.

**Трајко Вељаноски:** Господине Горан Минчев стрпете се. Ќе ви кажам.

Кога бара процедурално член 88 координаторот на пратеничката група, заменикот координатор на пратеничката група и пратениците кои не се членови на пратеничка група, должни се да ја наведат одредбата од Деловникот и да образложат во што се состои неправилната примена на одредбата. Говорот не може да трае подолго од три минути. Во тие три минути, треба вие да ги наведете сите повреди на одредбите и неправилна примена на одредбата.

Откако дадов процедурално, ве молам господине Мнчев не дофрлајте од место. Во тие три минути треба да ги наведете сите повреди на одредбите на Деловникот и неправилна примена.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Во време од една минута пријавени се за збор: Весна Бендевска, Тахир Хани, Горан Минчев, Александар Николовски, Андреј Петров, Соња Мираковска, Марјанчо Николов, Емилијан Станковиќ, Цветанка Иванова, Радмила Шекеринска и Џеват Адеми.

Ги молам службите да ми дадат листинг на пријавени во однос на говорот.

Со оглед на тоа, продолжуваме со работа.

Има збор Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Сега е сосема јасно дека иако го донесовте новиот Деловник сами, само владеачкото мнозинство, повторно во ова Собрание ништо ново. Го донесовте за да не го применувате. Го

донесовте за повторно кога ќе имате потреба да ги кршите сите одредби од него.

Она што барав од вас е да престанете да се однесувате уплашено.

Ако е ова дом на дебата дајте да ги споредиме фактите околу овој ваш предлог закон. Членот 79 господине претседателе, вели дека Собранието не може да расправа по прашања за кои матичното работно тело во овој случај Комисијата за политички систем и бидејќи станува збор за употреба на јазикот, Комитетот за односи со заедниците  и заедно со Законодавно-правната комисија, треба да дадете согласно 4-от став од членот 88 еден прекин на оваа седница, за да можат овие три работни тела, како што вели членот 79 да заземат став. Но вам ви е нешто друго многу побитно. Денес граѓаните на Република Македонија ќе видат дека квази патриотите од ВМРО ДПМНЕ падналe на тепих. На 25 јули, користејќи го неприсуството на опозицијата, во услови на непостоење на политички дијалог да донесете еден вака сериозен закон. Овој закон претседателот на Република Македонија господинот Бранко Црвенковски одби да го потпише,со образложение дека спорна е итноста со кој на 25 јули “на врат на нос” го донесувавте овој закон. За информација на граѓаните на Република Македонија пратениците од СДСМ им беа во прекин мобилните телефони, само од страв претпоставувам, да не се договориме и да не дојдеме и амандмански да реагираме и после писменото укажување од страна на претседателот Црвенковски дека не е спремен овој закон да го потпише, вие неполн час по неговото писмо закажувате седница, иако веќе сте објавиле дека започнал одморот за Собранието на Република Македонија. Претпоставувам, повторно надевајќи се дека ќе помине тифко и дека не ќе можете прво на членовите на ВМРО ДПМНЕ да им објасните од каде оваа драстична промена на вашиот став.

Па, нели почитуваниот Владимир Ѓорчев леб не јадеше за да не дозволи употреба на албанскиот јазик онаму каде му е местото, на Педагошката академија. Под шатори спиеја младите јуришници на ДПМНЕ.

Затоа, во интерес на граѓаните на Република Македонија кои ниту знаеа дека во петокот во доцните попладневни часови ќе се обидете што помалку да дознаете дека почнува да функционира попуштањето на најголемиот квази патриот Никола Груевски во поглед на барањата на неговиот нов албански коалиционен партнер - ДУИ.

Почитуваниот координатор на пратеничката група на ДУИ на 25-ти  јули во петокот имал можност да ја образложи итноста за потребата од донесувањето на овој закон и ќе го цитирам во стенографските белешки пишува: “ДУИ го предлага овој закон имајќи ги предвид политичкиот договор за владино коалицирање за употребата на албанскиот јазик на ниво на централни органи и на ниво на единици на локална самоуправа”. Вели: “овој закон се предлага да се донесе со забрзана итна постапка” од страв да не се врати опозицијата во Собранието, бидејќи вели: “ цениме дека е потребно што побрзо да се исполни оваа точка за албанскиот јазик да биде службен јазик во Република Македонија”.

Господинот Тахир продолжува се надева дека владината коалиција ќе функционира со една доверба ослободувајќи се од предрасудите од минатото за изградба на една вистинска демократска држава.

Ова е итноста образложена од предлагачот. Ама молчењето на ВМРО-ДПМНЕ и обидот на ВМРО-ДПМНЕ без збор дебата да образложи дека и те ако се подготвени да подлегнат врз притисокот за кој самите велеа дека никогаш нема ВМРО-ДПМНЕ да го направи тоа, еве, секое чудо за три дена и тоа е проблемот. Затоа ве гледам и ве чувствувам дека ви е незгодно прво се повикувате на стар Деловник потоа на нов, па седницата е по итна постапка закажана на 4 август, впрочем прво ја закажавте седницата, па добивме нова порака по мобилните телефони дека го прекинувате одморот. Без ред, без поредок. Се обидувате итно на мала врата да го исполните коалициониот договор, како што вели господиниот Хани со ДУИ, ама се лажете ако мислите дека тоа ќе остане подалеку од македонската јавност. Уредно беше, добро беше, ние ја поздравивме владината коалиција која природно беше создадена и тоа е волјата на електоратот во Република Македонија. Спорно е обидот на ВМРО-ДПМНЕ и на вашиот лидер Груевски ем да се воспостави нормална владина коалицаија ама ем да се задржи ликот на неприкосновен патриот, патриот на кого националните македонски турбо-фолк, да речам, ингеренции со ова се поматуваат. Не е се така како што вели господиниот Груевски. И ова е само вовед, бидејќи господинот Груевски ќе мора не само одредбите од мартовскиот договор и те како на врат ќе му седат и одредбите од мајскиот договор ако ништо друго, бидејќи станаа неопходен услов за добивање на толку посакуваниот датум за преговори на Европската унија.

Претпоставувам дека цела оваа забрзаност, цела ваша нервоза произлегува од фактот што вие не ја сакате опозицијата во овие клупи заради тоа што знаете дека опозицијата и те како ќе ги отвора овие прашања и ќе ги бара одговорите, граѓаните ќе ги бараат тие одговори. Затоа се одлучувате по кој знае кој пат во време на летни одмори, во попладневни часови да донесете она за кое се колневте дека од ДПМНЕ никогаш нема граѓаните на Република Македонија да го доживеат. Тука е проблемот.

Госодине претседател  на Собранието по функција, по важност втора во Република Македонија, подготвени сте на се само да изгурате нешто што мислите како под анестезија помалку ќе боли. Уредно е да се стави на јавност се она што сте го договориле. Претпоставувам ќе

следи забрзана постапка за донесување на измените на Законот за социјална заштита, бидејќи и тоа ви е договорено и се надевам дека прекинот на летниот одмор кој го најавивте дека ќе трае од 4 до 18 август, а вие согласно пораката кажувате дека го прекинувате во текот на овие две недели кој знае какви закони со необразложена и спорна итност ќе ни бидат понудени, претпоставувам во ноќните часови, тогаш нашиот премиер е најпродуктивен, ќе ни ја закажувате седницата еден саат пред да започне не водејќи сметка дека пратениците доаѓаат од најдалечните градови од Скопје, но бидете убедени дека опозицијата ќе биде тука, ќе отворат дебата, ќе поставува прашања. Вие ќе се обидувате да го скршите Деловникот, да не ни дозволувате процедурални забелешки, ќе се обидете опозицијата да ви ја замолчите, ама, само да знаете, патриотизмот не значи голо чукање во гради. Вистински патриот е оној кој работи на зајакнување на институциите на системот во Република Македонија, а не на нивно деструктуирање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следниот за збор е господин Хани Тахир, повелете.

**Хани Тахир:** Ви благодарам почитуван претседателе, почитувани дами и господа, почитувани колеги пратеници,

Јас како предалгач на Законот за службена употреба на јазиците кои го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија мислам дека усвојувањето на законот за употреба на албанскиот јазик и употребата на албанскиот јазик на државно ниво станува збор за законска категорија во Република Македонија.

Мислам дека овој закон е политички договор иако мислам дека не значи дека е идеален закон кој ги исполнува сите интереси или сите цели кои многумина ги бараат на ниво на државата. Но, мислам дека законот за кој станува збор е еден закон кој ја унапредува употребата на албанскиот јазик на државно ниво, ја авансира употрабата на албанскиот јазик во Парламентот и мислам дека сите закони не се статичка категорија, туку се динамична категорија и мислам дека за моментот овој закон ја унапредува употребата на албанскиот јазик на државно ниво со што се создава една позиција, подобро разбирање меѓу народите во Република Македонија.

Јас мислам дека овој чекор кој наидува на разбирање со партнерот на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ за усвојување на овој закон ќе продолжи и натаму да наоѓа заеднички точки за разбирање, за почитување и изградба на заеднички стандарди во Република Македонија на начин сите да се фокусираме на развојот на демократијата, на развојот на стандардтите со кои сите граѓани во Република Македонија ќе ја чувствуваат земјата како своја, затоа мислам дека во оваа насока овој Закон кој ќе се усвои по втор пат за што имаме политичка одлука од страна на Претседателот на државата Бранко Црвенковски на оваа пленарна седница ќе биде усвоен и ќе изградиме една солидна основа врз основа на која ќе можеме да го употребуваме албанскиот јазик на ниво кое е определено со овој закон.

Уште еднаш сакам да го потенцирам фактот дека оваа владина коалиција наидува на разбирање за усвојување на овој закон и ги воспоставува законските оцени за службена употреба на албанскиот јазик, создава основи за разбирање и во иднина да можат да се решаваат значајни промени во земјата.

Затоа ДУИ ги поздравува пратениците кои ќе гласаат за овој закон и се надеваме за подобри денови, за еден подемократски развој во нашата држава. Ви благодарам многу.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Иванова процедурално, повелете.

**Цветанка Иванова:** Согласно член 81 став 2 од новиот Деловник во името на пратеничката група на СДСМ барам пауза од 1 час заради сета ова рашомонијада што ја направивте од денешната седница за усогласување на нашите ставови.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, ќе ви дадат 1 час пауза по ваше барање, а за рашомонијадата ќе оценува некој друг што ја прави и зошто ја прави.

Ја прекинувам седницата, продолжуваме во 17,35 часот.

(Седницата прекина во 16,34 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,42 часот)

**Трајко Вељаноски:** Има збор господин Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Најпрво би сакал да реагирам за тоа како беше закажана оваа седница. На еден крајно брутален, насилнички и недемократски начин, добивајќи порака на мобилен телефон во 12,30 минути за седница која што требаше да започне во 15,00 часот. Ваквиот начин на закажување на седница најверојатно ќе овозможи новиот претседател на Собранието на Република Македонија да добие најбрза интерпелација во историјата на постоење на Собранието. Меѓутоа, тоа не е ништо ново за ВМРО-ДПМНЕ која во континуитет ги узурпира институциите на системот. Имајќи го ова во предвид политичкиот крах на Груевски кој што го доживеа и неговите коалициони партнери во случајов проширени и надградени со ДУИ за кои до неодамна Груевски, самиот тој велеше дека во ниеден случај нема да прави коалиција со нив и ги нарекуваше терористи. Навистина не можам да сватам зошто еден ваков битен закон, потенцирам, по втор пат се носи на еден, би го нарекол шверцерски полутаен илегален начин. Јас знам дека ви смета што се вративме во Собранието, што ви ја нарушивме вашата идила со ДУИ и носењето на закони за пет секунди. Но, ние имаме обврска во име на 230 илјади гласови што ги добивме и на сите граѓани на Република Македонија да бидеме тука и навистина имаме

намера да ви се спротивставиме на вашиот диктаторски однос. Можам да ви гарантирам дека нема да успеете повторно да не избркате. За овој однос докажува и закажувањето на оваа седница каде што од страна на претседателот на Собранието најдемократската установа, а тоа е Собранието на Република Македонија го доведе на ниво на една обична маалска пиљара во која што одиш и купуваш кога сакаш. Во ниедна држава без претходна расправа во јавноста, посебно во собраниските тела не се носи еден ваков закон кој што е исклучително важен бидејќи се работи за закон за употреба на јазик кој го говорат повеќе од 20% на една од етничките заедници во Република Македонија. Се поставува вистинското прашање и навистина е многу чудно како за овој закон Груевски не бара референдум, односно граѓаните на Република Македонија за него да се изјаснат. Но, за тоа ќе говориме во некоја друга наредна прилика.

Но, да се навратиме како се започна. Во 2006 година кога најголемиот квази патриот Груевски ги истера ДУИ од Собранието, па дури им понуди, да потсетам, техничка помош како да се дејствува вон Собранието, бидејќи човекот имал искуство во тоа. Под притисок на меѓународната јавност наеднаш во Македонија почнаа да се случуваат прво, тајни, па потоа јавни средби и разговори на работни групи на ВМРО-ДПМНЕ и на ДУИ. Да потсетам, дека тогаш коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ беше ДПА која сега е надвор од Парламентот, а се надевам дека ќе се врати. Тогаш Груевски тајно си одржуваше средби со господинот Ахмети каде се коваше новата коалиција. Ама тоа не можеше Груевски да им го каже на граѓаните на Република Македонија, бидејќи тогаш беше во налет, барем тогаш така се претставуваше на еден емотивен патриотизам и национализам каде велеше дека со терористи не прави влада. Едноставно Груевски не сакаше да признае пред македонскиот народ дека лаже. Потоа бевме сведоци на Мајскиот договор со ДУИ од пет точки, па не биле пет, па биле три точки, па бил потпишан, па не бил потпишан. Така што повторно денеска сме сведоци дека Груевски лаже, затоа што денешниот Предлог закон кој што по итна постапка го носите во Собранието на Република Македонија е дел од тој договор помеѓу Груевски и Ахмети. Сето ова сценарио заврши со предлог на ДУИ за предвремени парламентарни избори кои ВМРО-ДПМНЕ веднаш ги прифати и сега имаме една нова ситуација каде што ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ братски си ја делат власта. Повторно како што беше порано, само сега со еден друг војвода.

Деновиве сме сведоци на владино партиски платени политички програми на кои гледаме што губиме со непотпишувањето на Законот за енергетика, па што правел најуспешниот градоначалник во Македонија, Заев и слично. И би сакал до вас да упатам една порака. Ако сте толку транспарентни како што се кажуватае, а не да носите закони на еден ваков глувчевски начин, тогаш зошто овој закон по истиот терк не го претставите пред македонските граѓани за да знаат дека Македонија станува двојазична држава и едноставно да знаат што се има во овој закон. Ама на почитуваните колеги од ВМРО-ДПМНЕ не им одговара за овој закон исто така да постапат, затоа што прво пред се не можат да се појават пред своето партиско членство, а камоли пред граѓаните во Република Македонија. Затоа што едноставно на лагата и се кратки нозете.

И на крај да не должам многу, да ви одземам од вашето внимание, ќе ги употребам зборовите на Груевски: вистината е како шило, врти, врти, врти, па ќе излезе на површина.

Почитувани македонски граѓани добредојдовте во вистината и оценете пред целата македонска јавност кој лаже, а кој е доследен на своите ставови.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Александар Николоски.

**Александар Николоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, мојата дискусија ќе ја поделам во два дела.

Прво, околу законот. И второ, околу постапката, односно причината поради која што повторно го гледаме законот.

Околу законот. Законот е согласно Уставот и законите во Република Македонија, согласно Рамковниот договор, согласно позитивните законски решенија во Република Македонија и согласно принципите на ВМРО-ДПМНЕ. И тоа е јасно, тоа сме го кажале неколку пати, тоа го кажуваме сега и тоа го кажавме во минатото и ќе го кажуваме во деновите кои што доаѓаат.

Околу процедурата во која што го носиме законот, односно околу причината поради која што ние денес повторно го разгледуваме овој закон. Како што знае македонската јавност овој закон беше најнормално изгласан во Парламентот на Република Македонија, но за жал не беше потпишан од господинот Бранко Црвенковски со образложение дека на тој начин ќе ја врати опозицијата во Парламентот. Причината поради која што опозицијата го напушти Парламентот, да се потсетиме, беше криминалот на градоначалникот на Струмица кое што индиректно се докажа на 2 август околу случајот Глобал. Така што денес сме сведоци на една пропаганда која што ја врши опозицијата, заради тоа да сакаше да дискутира за законот ќе беше тука кога се дискутираше за законот. Да сакаше да ги спротивставиме аргументите за законот ќе беше тука кога требаше да ги спротивставиме аргументите за законот. Но, за жал, не беше тогаш тука, го напушти Парламентот и дојдоа денес откако Зоран Заев за криминал од најмалку 7 милиони и 800 илјади евра, а можеби и многу повеќе, за жал не и даде можност на јавноста да го откриеме тоа. Беше аболициран од страна на Бранко Црвенковски. Со директен упад на системот, правниот систем на Република Македонија, со дирекно рушење на институциите, со дирекно девалвирање на правото и

владеењето на правото во Република Македонија, заради тоа што се поставува логичкото прашање, која е логиката некој да одговара ако украл нешто од трафика, или од продавница, а некој да не одговара ако е осомничен за злоупотреба на службена должност од најмалку 8 милиони евра. Се поставува прашањето, која е логиката некој да одговара за брзо возење, ама да не одговара градоначалникот на Струмица кој што бил потпретседател на СДСМ и затоа нема право да одговара. Говорам за причините поради кои што денеска повторно го гледаме законот.

Денес сме сведоци на пропаганда, на манипулација, денес сме сведоци на продолжување на истата приказна која што ја гледавме во изминатите месец дена и повеќе. Денес не сме сведоци на 230 илјади гласачи кои што гласале за СДСМ, туку сме сведоци на жртвувањето на тие 230 илјади гласачи заради прекинување на еден судски процес кој што ни остава право да се сомневаме дека ќе завршел со судска пресуда заради тоа што заврши така како што заврши. Денес сме сведоци на крајот на сценариото напишано и подготвено и целосно спроведено од Бранко Црвенковски кој што самиот го измисли и самиот го направи, сценарио со кое што самиот ја извади и самиот ја внесе опозицијата во Собранието на Република Македонија, сценарио на спасители, сценарио кое што не и носи ништо добро на Република Македонија. Затоа го гледаме денес овој закон повторно, а не заради тоа што имаме спротивни аргументи на аргументите кои што ги имавме.

И на крајот заради тоа што се работи за пропаганда и манипулација, заради тоа што се работи за обид за легитимирање на еден принцип кој што влегува длабоко во порите на правниот поредок на Република Македонија, нема да им одговорам ни на овие колеги кои што сакаат да реплицираат, ни на сите останати заради тоа што ова е само практично продолжување на сето она гротексно сценарио кое што го гледавме во изминатиот период. Повторувам, многу ми е жал за се што се случуваше, многу ми е жал што сценаристот не е во оваа сала. Но, јасна е само една работа. Имаме сценарист кој што ја изнесе и ја внесе опозицијата во Парламентот и уште повеќе имаме градоначалник кој што не е еднаков со сите други градоначалници и јавни функционери во Република Македонија заради тоа што ја имаше приликата да биде аболициран.

**Трајко Вељаноски:** Реплика, госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Колега Николоски, навистина овој закон е согласно принципите на ВМРО-ДПМНЕ, или станува збор за некоја нова партија? ВМРО-ДПМНЕ, да ве потсетам, штрајкуваше со глад заради примена на албанскиот јазик, за образување на кадри согласно закон на албански јазик. Ќе сечевте крила, ќе сечевте канџи, вие сте тоа ДПМНЕ. Овој закон е спротивно на принципите кои квази патриотите од вашите редови велеа дека никогаш, ама баш никогаш нема да дозволат двојазичност во Република Македонија. И затоа токму за вас е сосема логично да немате аргументи за овој закон и аргументите да ги барате ви кривичната пријава на господинот Зоран Заев. И нема да ме зачуди дека утре ќе следи најверојатно ново спектакуларно апсење на некој ваш политички противник, само за да дефокусирате, ќе ги пратите вашите, односно вашата министерка Јанкулоска ќе ги прати камерите спротивно на законот на човек за кого не е до крај изведена истражната постапка да го обвини за виновен. Мислите дека оваа говорница ве амнестира, ама нема да ве амнестираат граѓаните на Република Македонија. Сеете страв, сеете политички терор вие големите патриоти ќе дадете се за кое се колневте дека нема да го дадете. И вие немате аргументи тоа да го браните. Апсолутно ја разбирам вашата неодговорност, апсолутно знам дека голем број членови на ВМРО-ДПМНЕ ги разочаравте и ќе си имате проблеми во вашите редови. Нашиот став во поглед на донесување на законот за употреба на јазиците е непроменет. Амандманите беа донесени во време кога Владата беше предводена од СДСМ. Спорно е вашето негирање на она кое што го правите. Еве ги стенографските белешки. Ќе ви кажам зошто не дојдовме. Седницата започна во 17,31 часот, господиниот Тахир Хани образложи зошто итно треба да ја донесете и после 4, 5 точки на дневен ред оваа седница заврши во 17,57 часот, без збор вие големите патриоти кои ќе ги чувавте националните интереси, без збор ги гласавте и затоа имате проблем. Не е проблемот во криминалот во редовите на вашите политички истомисленици, бидејќи треба прво да биде докажан, треба да има обвинителен акт кој ќе заврши на суд. Проблем е како вие ќе го образложите ова според вас предавство на меѓунационалните интереси.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Ве молам, заќутете ги малку младите јуришници, затоа што ниту денеска почнува, ниту денеска не завршува се. Јас сум многу изненадена од мојот иден колега Александар Николоски на ваквиот начин на дебата. Очекував дека ќе зборува по законот за употреба на јазиците, но при немање на доволно аргументи и факти нормално ќе се служи со онаа гебелсова илјада, или сто пати кажана лага станува вистина, бидејќи во изминативе две години ја покажуваат нивната гебелсова работа. Но, господине Николоски, како сакате кажете, господиниот Заев Струмица го дочека на нога, за разлика можеби од некои други од вас каде што никој можеби и не ве познава.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам за ред во салата.

**Цветанка Иванова:** Не сакам да ми тече времето и сакам да го смирите вашиот портпарол.

**Трајко Вељаноски:** Мојот портпарол не е тука во салата.

**Цветанка Иванова:** Значи, при немање на факти нормално ќе се служи со онаа гебелсова. Но, нема да му запали. Јас не знам како господинот Николоски многу брзо ги менува ставовите. Пред 6 години лежеше во паркот, барајќи да нема употреба на јазикот, да нема права за Албанците, да им ги сече канџите. А денеска многу, многу напреднал со своите ставови и тоа ми е драго, затоа што јас навистина сакам да се почитуваат сите права на секој човек и на секој припадник на етничка заедница.

Сценаристот точно не е овде во салата, сценаристот некаде како орвел седи горе и сценира притисоци, затоа што во моментот навистина верувајте не го кажувам тоа јас, ќе го каже Европската комисија. Во моментов во Република Македонија нема ни трага од поделба на власта, се е едно и судската и законодавната и извршната власт се е едно, се е ВМРО-ДПМНЕ. Знам дека господинот Николоски не сака да одговора на репликите, затоа што нема и што да одговори. И затоа остануваме и понатаму да ги браниме нашите ставови, а тие нека си продолжат со дебати кои што сакаат да потсеќаат нешто, да укажуваат нешто на јавноста, но нема да успеат затоа што јавноста ги знае, ги следи доследно ставовите на сите, вклучително овде и на припадниците на вашата пратеничка група.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал на колегата Александар Николовски да му реплицирам за неколку работи.

Прво, неговата изјава во текот на говорот дека нема да одговара на нашите реплики, јасно покажува дека нема аргументи.

Во текот на целото свое излагање по однос на законот потроши 30 секунди колку да каже кој закон се донесува, а ниту едно од решенијата не ги толкуваше затоа што знае дека ќе наиде на критика кај јавноста, а посебно на критика кај членовите на ВМРО ДПМНЕ кои цело време се колнеа дека тие цело време се чувари на националниот идентитет на Македонците и националната гордост и дека секоја одстапка во однос на Албанците всушност значи предавство на идеите на ДПМНЕ. Затоа господинот Александар Николовски се обиде во манир на ВМРО ДПМНЕ да спроведе друга тактика односно да ја дефокусира јавноста од причината поради која што денес втор пат расправаме за овој закон.

Жал ми е што како млад човек се одлучил брзо да ги менува своите ставови и принципи и тоа пред се затоа што така му налага партијата. Очигледно е дека во ДПМНЕ нема можност за демократско мислење, очигледно е дека идеата е по секоја цена да се оствари апсолутна власт.

Господине Николовски, околу можните сценарија може овде да дебатираме, да се караме, но ќе покаже времето кој какво сценарио има за Македонија и каде води вашето сценарио. Сега за сега резултатите се погубни за Република Македонија и како млад човек треба тоа да го сфатите. Што побрзо сфатите, тоа ќе биде подобро за државата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Емилајан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам претседателе.

Почитуван господине Николовски, мислам дека е време да престанете да промовирате двојни аршини кога говорите за девалвирање на правото и рушење на правната држава. Но кога веќе сакате да примата авто голови, сега ќе ви кажам што е рушење на правната држава. Рушење на правната држава кога во Република Македонија, лице со еден месец судски стаж се избира за претседател на Врвховен суд, само затоа што е во кумска врска со претседателот, почитуваниот Трајко Вељаноски, кој исто така е кадар на ВМРО ДПМНЕ.

Знаете што е рушење на имиџот на павната држава и рушење на имиџот на Република Македонија? Тоа е кога раководството на Министерство за внатрешни работи кажува. . .

**Трајко Вељаноски:** Во ред е, само би ве замолил кога ќе ги условувате политичките партии со цел назив тоа да го направите.

**Емилијан Станковиќ:** Претседателе се надевам дека ќе ми го компензирате времето.

(Реакции во салата)

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, затоа што и јас сум забележал повеќе пати од ваша страна не се спомнува целосно називот на една политичка партија.

**Емилијан Станковиќ:** Добро, се извинувам претседателе.

Знаете што е рушење на правната држава? Тоа е кога раководството на Министерство за внатрешни работи прогласува луѓе за криминалци без да има правосудна судска пресуда и згора на тоа потпаролот на Министерство за внатрешни работи , на апсење на потпретседател на најголема опозициона партија, се потсмева со СМС пораки што ги пушта до медиумите. Знаете што е рушење на правната држава? Тоа е кога кривичен совет преиначува одлука на истражен судија кој претходно двапати одбива барање за одредување мерка притвор и тоа одлучува по жалба на претходно разрешен јавен обвинител.

Сега ќе ви кажам за двојниот аршин.

Кога почитуваниот Зоран Заев беше во притвор, ваши тројца, значи ваши кадри, поранешни директори на Тутунскиот комбинат во Крушево “Нико Доага”, кои се осомничени за криминал од 2,3 милиони евра, за тутун продаван од Бирото за стокови резерви, не се во притвор, не барем тие не можат да влијаат на сведоците, само заради тоа што едниот од нив е зет на претседателот на

општинскиот комитет во Крушево. Тоа е двоен аршин. Тоа е вашето поимање на правна држава.

Јас знам дека вие добивте 480 илјади гласови на последните избори, но тоа никако не ви дава за право да го рушите Уставот и да ги кршите законите во Република Македонија. Напротив, треба да ги почитувате. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Андреј Петров, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Прво би сакал да го истакнам моето мислење дека навистина начинот на свикување на оваа седница не одговара или не го штити дигнитетот на Собранието, бидејќи пратениците како и сите останати граќани во Република Македонија имаат право на одмор и кога веќе добиле решение за годишен одмор, по СМС порака да им се пушти дека се прекинува одморот и дека има седница на Собранието за час или два, мислам дека во најмала рака е невкусно и оддава еден лош впечаток за тоа како работи ова Собрание.

Оние луѓе кои се затекнаа во Република Македонија и тука го користат својот годишен одмор, имаат можност да се произнесат по овој закон, меѓутоа што со оние кои својот годишен одмор започнале да го ко ристат надвор од Република Македонија. Нависстина не доликува да им се ускратува правото да зборуваат.

Опозицијата е во Парламентот и тоа е добра работа и наместо тоа да се поздрави сега, да се дебатира околу тоа кои се сценаристите, како тоа се случувало, мислам дека тоа не му користи никому, бидејќи една држава за да оди напред, опозицијата треба да биде во Парламентот за да биде коректен на Владата и најмалку на тоа некој треба да се потсмева тука, туку тоа треба да го поздрави.

Денес кога имаме можност да констатираме дека почнува една сериозна дебата во Собранието, никому не му оди во прилог на сметка на опозицијата да се изнесуваат такви навредителни констатации. Коинцидира денот со смртта на . . . , меѓутоа јас се надевам дека во Македонија мислењето поинакво од она на власта, нема да биде доведено во прашање и дека сите од тоа ќе имаат корист, а пред се враќањето на Република Македонија.

Она што беше кажано, спомнување на имиња кои не се тука меѓу нас и одењето на ѓон, на некој човек што не е тука, граѓаните таму го верифицираат како успешен, во средината каде што живее, не оди во прилог на Парламент кој ние сакаме да го имаме и не оди во прилог на градење на демократска атмосфера во Парламентот. Затоа, во иднина треба да ги прекинете сите оние обиди за дискусија по закон во кој се критикуваат луѓе кои не се тука. Мислам дека тоа е кршење на процедурата во Парламентот.

Во однос на тоа што законот го третира, да кажам овој закон беше долго во процедура, јасно е дека тој треба да биде донесен. Она што отвора дебата се некои одредби во Законот кои можеле да бидат поинакви.

Мислам , дел од овој закон кој е во колизија со Деловникот на Собранието на Република Македонија, може да оди во прилог на иницијативата која пратениците од СДСМ во процедуралниот дел ја бараа со дополнување на дневниот ред во делот на измена на Деловникот.

Одредбата во член 59 со која со преодни и завршни одредби се сака на некој начин од Деловникот на Собранието да се тргнат сите оние формулации кои не се во согласност со овој закон, можеше да биде решено поинаку, со повторно отворање на дебата по Деловникот и евентуалните недоразбирања кои постојат со нас како опозициона партија, да се испеглаат во една демократска дискусија со која ќе се уважат дел од аргументите кои претходно беа прифатени во договорите и разговорите помеѓу лидерите на политичките партии.

Во делот на оние одредби од Законот кои ги допираат општините, мислам дека е евидентно дека тука се прави еден обид да им се овозможи на граѓаните кои зборуваат најмалку 20% службен јазик различен од македонскиот јазик да ги остваруваат своите права, тоа не е нешто ново. Овие законски одредби тука се преточени од друг закон. Многу примери укажуваат дека тоа веќе се користи, значи има примери на општини кои тоа го направиле, примерот на Гостивар со трет службен јазик каде зборуваат и помалку од 20% од популацијата, говори дека такви демократски искуства веќе постојат. За тоа се решило сите тие да се стават тука во еден закон, меѓутоа тоа е нешто што веќе претходно е дискутирано и постои.

Се отвора дилема лично кај мене околу членот 32, околу полициските овластувања, дали евентуално тој дел ќе отвори, во одредени случаи, блокада околу остварување на надлежностите на полицијата, бидејќи за мене е неверојатно дека секој полициски службеник ќе може да го знае албанскиот јазик, значи да може да им се обрати на граѓаните кои го говорат тој јазик. Меѓутоа, веројатно треба да се размисли дека такво нешто е тешко остварливо.

Во делот на она, што сакам да завршам, сметам дека ваквиот закон кој денес се носи е обид законски да се нормираат повеќе работи кои се дел од други закони.

Овој закон не само што не е страшно што се носи,тој треба да се донесе, меѓутоа непринципиелно е еднаш донесувањето на ваков закон да се критикува категорично и огорчено, а сега тука да гледаме големи поддржувачи и оние кои сакаат да го бранат овој закон повеќе од оние кои го иницирале, мислам дека тоа е еден непринципиелен обид, но јасно е дека се работи за договор помеѓу две политички партии. Затоа мојот апел е овој закон, оние одредби од Деловникот кои ги допира да не ги бришеме со самиот закон, туку во една демократска

процедура, во иднина да се отвори дебата околу Деловникот и овој член 3 став 2 од законот кој е во колизија со членот 70, на некој начин да се отворат во дебата подоцна, не да се решаваат со преодна и завршна одредба на овој закон. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор се јави Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Јас прифаќам дека овој закон е темел на вашиот договор за коалицирање со ДУИ и со самото тоа ја разбирам вашата нервоза од непотпишувањето на указот од страна на претседателот на Републиката.

Како пратеник на НСДП ќе се залагам, колку ќе можам тоа да го направам, за дигнитет на Собранието во кое сум пратеник, Собрание во кое сметам дека треба да се носат закони кои, условно кажано, ќе бидат верификувани од граѓаните на Република Македонија, а не носени под вакви брзи и сомнителни процедури. Сведоци сме дека секој ден граѓаните на Република Македонијам, како дознаваат еден по еден за законите, не во јавна расправа, не преку претходни отворени дебати по законите, туку буквално ги удараат по глава тие закони и почнуваат да се чудат зошто ние во ваква брза процедура ги носиме.

Јас сум свесна за вашето мнозинство и знам дека вие можете да одлучувате сами, но не сум сигурна во вашиот демократски капацитет. Мнозинството не претставува равенка за демократија. Демократија значи пред се дијалог. Овие денови, повикувајќи не да се вратиме во Парламентот, вие јасно кажавте дека сакате дијалог, а не оставате простор за дијалог. Начинот на кој и понатаму продолжувате, покажувате дека не даваме лик на едно Собрание со дигнитет.

Сакав да се оправдам пред се на претседателот затоа што прв пат вас ве гледам. Сметам дека претседателот пред се е должен да внесе демократија во овој дом, почитувајќи ги процедурите и почитувајќи ги сите останати институции, во овој случај, почитувајќи ја институцијата претседател на Републиката. Со самото тоа што претседателот одлучи и реши овој закон денес да го стави на седница, свикана итна, или како што стои во член 68, седница во итни случаи, сметам дека итни случаи некој треба да дефинира. Можеби еден ваков сериозен документ како Деловникот би требало да има речник на изрази барем некои да можеме да ги дефинираме што значат. Ние денес продедурално обраќајќи се до претседателот, не дознавме што значи итен случај. Тоа не можеме поинако да го разбееме освен дека итен случај е претседателот на Собранието. Баш така постапи претседателот на Собрание и класично покажа непочитување на таа институција. Не случајно овој механизам постои како контролен механизам, не случајно во Деловникот кој вие го донесовте во член 173 став 2 стои дека ако еден закон не биде потпишан од претседателот на Републиката, после 30 дена може да се продолжи со расправа по истиот. Тоа требаше да биде испочитувано и така ќе можевме на јавноста да и покажеме дека имаме време повторно по овој закон да расправаме и така ќе можевме во овој дом да внесеме дијалог.

На крајот сакам да спомнам нешто и за непочитувањето на Собранието. Имено едно Собрание не може да покаже дигнитет кон себе, дигнитет кон самата институција ако не покажува дигнитет кон своите пратеници. Ние сме пратеници на дугме, буквално. Јас сега идам од Берово, а моите колеги кој знае од каде. Значи ние имавме годишен одмор. Секој од нас планира нешто. Ако оваа практика продолжи понатаму, ние постојано да бидеме на штрек и да не знаеме кога ќе има седница и што ќе биде на дневен ред на таа седница, никој од нас не може да биде исполнет и навистина да биде пратеник. Јас знам дека вие можете да терате, овој закон ќе го донесете, без разлика на вашите претходни ставови дека ваков закон не треба да се донесе. Знам дека ова е договор и темел на се она што понатаму планирате да го правите, но ве молам, пред се дајте да изградиме едно Собрание кое ќе го почитува македонската јавност и македонскиот граѓанин. Дајте да се почитуваме меѓу себе, дајте да изградиме вистинска демократија. Време е тоа да го направиме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор се јави Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе,

Најпрвин би сакал да ви го честитам изборот и да ви посакам успешна работа, иако сметам дека подобро ќе беше изборот на потпретседателите да се вршеше во услови кога во Парламентот ќе бидат застапени сите партии кои добија поддршка од народот на последните парламентарни избори. Се надевам дека таквиот начин на избор нема да влијае на тоа, во водењето на седниците повеќе да навивате за оние што гласаа само за вашиот избор.

Околу законот би сакал да кажам дека ваквиот начин на донесување на овој закон, за секој оној кој сака реално да ги согледува состојбите во Република Македонија, во најмала рака е зачудувачки и неколку работи сеуште се нејасни, како и зошто на овој начин се обидувате да го донесете законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа. Нејасно е затоа што никој од владеачката партија не излезе да каже зошто се носи по итна постапка и кои се причините што овој закон мораше баш во таква постапка да се донесе, бидејќи со неговото донесување се отвараат многу прашања. Нејасна е и улогата на ДУИ кој во претходниот парламентарен состав, кога се направи обид да се донесе Деловникот за работа на Собранието, поднесе над илјада

амандмани само на одреден член од тој Деловник, во кој се регулираше употребата на јазикот, а сега гледаме дека исто тоа решение кое беше предложено во тој Деловник, е прифатливо за нив.

Не јасно е зошто овој закон се донесува по кратка постапка, бидејќи и во експозето на премиерот Никола Груевски, кога се бираше новата Влада, не слушнавме ниту збор околу коалицијата со ДУИ. Не слушнавме ниту едно објаснување што е тоа за што овие две партии кои влегуваат во колиција, ќе се залагат во наредниот четиригодишен период. После тоа видовме различни изјави и од претставниците на ВМРО ДПМНЕ и на ДУИ дека всушност различно ги толкуваат основните принципи на кои ја договориле коалицијата. За жал, ниту видовме јавно потпишување на договорот за коалицирање, со сите услови кои стојат во тој договор. Сето тоа дава право за сомневање од наша страна дека фактички постои некој таен договор и дека законот за употреба на јазиците е дел од тој таен договор. Можеби, кои се причините за тој таен договор или условите, ќе ги согледаме после извесен период, но сега е јасно прво, дека со ваквата итна постапка и брзо носење на овие закони, всушност се прави обид ВМРО ДПМНЕ да се заштити од реакцијата на нивните членови и од реакцијата на граѓаните затоа што во изминатиот период целата своја енергија, целиот свој труд го вложуваа за да се покажат како големи патриоти и претставниците на ДУИ не ги симнуваа во реториката, под терористи и луѓе кои сакаа да и наштетат на Република Македонија.

Дури, во една ситуација кога еден нивен претставник се ракуваше со претставниците на ДУИ, тие направија цела фама зошто се ракува, само што се ракувал со претставник. И сега, во обид да се сокрие оваа коалиција, да се сокрие реализацијата на условите кои беа договорени, овие закони се носат по брза постапка.

Околу сценаријата кои овие денови ги зборуваат во јавноста и медиумите и претставниците на ВМРО-ДПМНЕ слушаме многу приказни. Слушаме дека тоа било сценарио на претседателот на Републиката, па било сценарио да се предизвика криза, па потоа опозицијата да ја нема, јас сметам дека сценариото е јасно, апсењето на струмичкиот градоначалник требаше да послужи како параван овие закони да поминат без големо внимание во јавноста. И целата постапка што понатаму се водеше укажуваше на тоа, без разлика што ќе се случи, дека тој ќе биде осуден. Видовме пред малку и колега пратеник, иден правник, јавно го осуди дека тој веќе е крив. Кој сега може да го обвини претседателот на Републиката зошто дал аболиција, кога човекот вие веќе го осудивте, не му дадовте шанса во судска постапка да ја докаже својата невиност. Да имаше судски процес, да не инсистиравте на притвор, но тоа беше потребно за да ги задскриете редицата закони кои се лоши и кои навлегуваат во имиџот на ВМРО-ДПМНЕ како голема патриотска партија. Еден е овој закон, Законот за работни односи, за лобирање. Сето тоа беше сценарио јавноста да се занимава со други работи, да не се разговара за овие решенија. Но праксата ќе покаже какви закони сте донеле и што сте се договориле со ДУИ.

Би сакал доколку никој од предлагачите сака да објасни зошто во законот немаме дадено согласно членот 135 од новиот Деловник објаснување за финансиските импликации од примената на овој закон. Колку пари ќе ги чини граѓаните на Република Македонија спроведувањето на овој закон. Дали е тоа еден милион евра како што се кажуваше, дали се повеќе, дали се помалку. Непостоењето на оваа одредба во законот претставува основ тој да се спори и пред Уставниот суд дали е уставен или донесен согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија. Требаше да има основа колку пари ќе ги чини граѓаните спроведувањето на овој закон и тоа треба македонската јавност да го знае, да биде јасно кажано колку пари се потребни за спроведување на овој закон.

Исто така би замолил некој од предлагачите доколку сака да објасни околу полициските овластувања и членот 32 на кој начин тоа ќе се спроведе во пракса. Дали полициските службеници ќе одат на обука да ги научат тие неколку изрази кои според законот треба да им ги кажат оние кои што ќе треба да ги приведат по основ на закон, дали ќе има вработување само на Албанци во полицијата кои што го знаат јазикот за да можат да го спроведат овој член на законот. Навистина ме интересира како овој закон согласно членот 32 ќе функционира во праксата бидејќи е малку нејасен и имаше дебата и во јавноста. За жал, и за тоа не се отвори расправа, но што е тука е.

Во однос на членот 34 исто така би замолил за објаснување кое што гласи дека радиодифузерите се должни дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија. Дали ова значи обврска за сите радиодифузери да имаат 30% од својата програма, програма на јазик кој што е различен од македонскиот јазик. Бидеќи онака како што е напишан членот јас го толкувам дека постои таква обврска.

На крајот, би сакал да кажам и би апелирал и во иднина до владеачкото мнозинство дека прашањата од Рамковниот договор кои се издигнати на прашања од национален интерес не се решаваат на тајни средби. Премиерот во изминатиот мандат на два пати се обиде со тајни договори да реши дел од овие прашања, цената ја плати Република Македонија и граѓаните на Република Македонија, кои преку недобивање на датум за преговори, бидејќи политичкиот дијалог беше еден од условите. Немојте сега и понатаму со таква политика цената да ја плаќаме сите. Направете обид преку политички дијалог, преку постигнување на консензус за овие прашања навистина Република Македонија да не

дозволиме да тапка во место, туку да оди напред. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор се јави и има збор господин Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам потпретседателке.

Ќе ми дозволите да ја искористам приликата да ви честитам за изборот и се надевам дека ќе имаме коректна соработка.

Почитувани колешки и колеги пратеници,

Денес во мојата дискусија нема да зборувам за потребата од донесувањето на овој закон, бидејќи моето лично мислење и мислењето на пратеничката група на СДСМ е дека е неспорна потребата од донесување на закон кој што ќе ја регулира потребата на јазикот на онаа етничка заедница која е повеќе од 20% во Република Македонија. Меѓутоа, морам денес да говорам за начинот на кој владеачкото мнозинство упорно манифестирајќи гола сила инсистира да го донесе овој закон, кој истовремено е во тесна врска со четвртиот стратешки приоритет на новата Влада, која што го нарече "оддржување добри меѓуетнички односи и соживот врз принципите на меѓусебна толеранција и почит", кој што е дел од програмата на новата Влада ДПМНЕ - ДУИ. Искрено верувам, поточно убеден сум дека од остварувањето на овој владин приоритет зависи и успехот на остварувањето на сите останати стратешки приоритети на новата Влада. За жал, ДПМНЕ не направи уште еден чекор понапред, со кој барем малку ќе ја ублажеше одговорноста за тоа што пред две години немаше храброст да го направи токму тоа што владеачкото мнозинство го официјализира на седницата на 26 јули, а заради што Македонија залудно потроши две години.

Новата владина коалиција ДПМНЕ и ДУИ беше очигледна...

**Светлана Јакимовска:** Се извинувам господине Станковиќ Емилијан, бевте посочени и од претседателот, еве и јас тоа го правам, ова ви е трет пат во вашиот говор и ќе ве замолам да ги ословувате политичките партии онака како што им е целото име. Благодарам.

**Емилијан Станковиќ:** Добро, благодарам.

Новата владина коалиција ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ беше очигледна уште при гласањето за распуштање на претходниот собраниски состав и одењето на предвремени избори на 1 јули. Меѓутоа, добро е што овој пат, за разлика од 2006 година, ВМРО-ДПМНЕ ја испочитува волјата на мнозинството граѓани Албанци во Македонија. Дополнително добро е што сега зад политиките на Владата стои и обично и бадинтерово и двотретинско мнозинство, што значи дека нема кој наводно да ја кочи портокаловата "Преродба во сто чекори", сега надградена и проширена, а граѓаните веднаш ќе можат да ги почувствуваат ефектите од неа. Но во исто време, во интерес на евроинтеграциите на Република Македонија и остварувањето на стратешките владини приоритети, мислам дека е потребно во овој момент ВМРО-ДПМНЕ да направи барем една едноставна работа.

Мислам дека денес почитувани пратеници на ВМРО-ДПМНЕ имате идеална шанса, во присуство на опозицијата, да се извините за тоа што цели 6 години ги сатанизиравте сите политички чинители кои соработуваа со вашиот нов коалиционен партнер ДУИ, а дури некој од вас ги нарекуваше и терористи. Мислам дека така ќе ви биде и полесно на вас и на членовите на вашата партија.

Зошто го говорам ова? До скоро ДУИ за ВМРО-ДПМНЕ, од секогаш, беше симбол за сите лоши случувања во 2001 година. Во исто време поигрувањето со националните и патриотски чувства на македонските граѓани за владеачката партија отсекогаш беше најголем адут за освојување на гласовите. Денес тоа е спорот со името, пред 6 како и пред 2 години тоа беше ДУИ. Ајде да се потсетиме што се зборуваше ВМРО-ДПМНЕ во изминатите години. Пред изборите во 2002 година ВМРО-ДПМНЕ упати предлог спогодба до коалицијата на СДСМ за политичка изолација на Али Ахмети и неговата партија ДУИ. ВМРО-ДПМНЕ јасно и гласно пред целата јавност рече дека со спогодбата ќе се спречело, цитирам: "учеството на теротистите во власта и нивното вклучување на посреден или непосреден начин во идната Влада. Убедени сме дека спогодбата ќе биде прифатена од страна на Социјалдемократите, со што ќе се спречи учеството на терористите во идната влада", изјави на 25.08.2002 година тогашниот портпарол на ВМРО-ДПМНЕ Влатко Ѓорчев, денес пратеник и награден преродбеник. Од тогаш па се до пред некое време господиниот Али Ахмети за владеачката партија секогаш беше човекот кој што ја донесе војната во Македонија или ако се употреби речникот на Христијан-демократи од револуционерната ВМРО-ДПМНЕ, вие од оваа партија бегавте како ѓаволот од крст. Најсликовите мислењето на ВМРО-ДПМНЕ за сегашниот нов коалиционен партнер пред две години го објасни министерот за надворешни работи, почитуваниот господин Антонио Милошоски. Во колумната за "Утрински весник" со наслов "Европска или калашникот демократија" Милошоски ќе упати повик до ДУИ, цитирам: "Наместо да ги кити своите локални штабови со свилени американски и европски знамиња, нека испрати своја партиска единица на семинарот кај Хезболах во Либан или кај марксистичките герилци во Непал". Сега кога министерот ќе оди на средбите со граѓани, а посебно на средби со партиското членство, се надевам дека ќе има соодветно објаснување дека во Владата според неговиот вокабулар од пред две години седи заедно со партиската единица на ДУИ од семинарот на Хезболах во Либан. Богами како што сте тргнале со вашата политика, Либан, Непал и Пакистан за Македонија се многу поблиску од Европската унија и НАТО.

По изборите во 2006 година кога победи ВМРО-ДПМНЕ се одржа средба меѓу Груевски, Тачи и Џафери. По средбата беше објавено дека е постигнат договор за коалиција меѓу ДПМНЕ и ДПА, се извинувам, ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Господиниот Антонио Милошоски на 17 јули 2006 година рече дека тоа е резултат на довербата што традиционално ја градат ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Само по две недели или на 28.07.2008 година истиот Милошоски ги искара сегашните политички партнери од ДУИ дека немаат политичка култура и изјави, цитирам: "Демократската политичка култура ниту се купува во самопослуга, ниту се носи од планина, таа се учи, таа се надградува, таа треба да биде дел и вредност во секоја политичка партија од Македонија и нема да отстапиме под никаков притисок и закана на таа тема".

Сега почитувани пратеници на ВМРО-ДПМНЕ мислам дека треба да и објасните на македонската јавност што се се промени за да имате доверба во вашиот нов коалиционен партнер, ДУИ.

Истовремено, сакам да ве потсетам на тезите што ги пласираше ВМРО-ДПМНЕ на познатите прес-конференции за есенски сценарија, кои беа во серија 28, 30 септември, 3 и 4 октвомври 2007 година. Така на пример ВМРО-ДПМНЕ преку својот портпарол тогаш праша дали имало некаква тајна средба меѓу раководството на СДСМ и ДУИ во Александар Палас. Инаку, овие наводни конспиративни средби се омилена шашма на владеачката партија секогаш кога нема одговор и тоа, цитирам: "Дали токму на оваа средба како дел од есенското сценарио се прецизирале дејствијата за срамниот инцидент што се случи во Собранието, блокадата на докомплетирањето на Државниот судски совет, при кое главна улога требало да ја понесе ДУИ, дејствија со кое Македонија не би добила покана за членство во НАТО во период на владеење на Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ". Ова ќе се согласите е сериозно обвинување, кое очигледно од денешна перспектива било само сеење на магла кај граѓаните, како што и сите прес-конференции и обвинувања на ДПМНЕ се. ДПМНЕ, ВМРО-ДПМНЕ се извинувам, на предвремените парламентарни избори победи со партиската програма "Преродба во сто чекори", ама сега таа е надградена и проширена со ДУИ. За меѓупартискиот договор со ДУИ јавноста до скоро не знаеше ама баш ништо. Остана нејасно под кои услови е договорена коалицијата и кои се отстапките што се направени особено во делот на Мајскиот договор. ВМРО-ДПМНЕ повторно убедуваше дека нема да се отвораат нови прашања со етнички предзнак. Се согласувам, нормално дека нема да се отвораат кога има премногу отворени прашања кои треба да се решат, а пак потекнуваат баш од тој фамозен постоечки, непостоечки договор, спогодба, усогласеност или кратко Мајски договор. Да не требаше сите овие прашања да се затвораат, да се решаваат, немаше да постои ниту вицепремиерското место во Владата за ДУИ, кое само по себе е гаранција дека овие прашања ќе дојдат на дневен ред и лесно ќе ги решите. Сега имате и обично и апсолутно и бадинтерово мнозинство и брзо ќе ги затворите, бидејќи имате 81 пратеник.

Затоа, сосема накратко почитувани пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, уште еднаш ќе ве повикам да се извините за сите сатанизирања во изминатите 6 години. Нам ни е потполно јасно дека на СДСМ никогаш нема да му се извините, но тоа треба да го сторите на вашиот нов коалиционен партнер, но пред се на граѓаните, посебно на оние кои го дадоа гласот за вашата партија. Верувајте, ве убедувам уште еднаш, така ќе ви биде полесно, барем нема да мора некои пратеници од ВМРО-ДПМНЕ да демнат кај сината табла кога ДУИ дава изјави за да слушнат каква изјава дава било кој пратеник од ДУИ за условите на кои почива новиот коалиционен договор. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Почитувана потпретседателке, бидејќи немам право на процедурално, ќе го искористам овој момент и трите минути реплика да укажам на нешто што дефинитивно после свеченото враќање денес на опозицијата станува вообичаена пракса со која се соочувавме и во досегашната работа. Од десетте минути почитуваниот колега Емилијан Станковиќ што требаше да ги употерби про енд контра законот за употреба на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, употреби 10 секунди. Нема пострашна употреба на македонскиот јазик, кога македонскиот јазик е оружје со кое со отрови се напаѓа другиот соговорник на македонски јазик. Таа востановена пракса на говорот на омраза, говорот на инсинуации, на говорот на лаги, се само не држејќи се на темата која што ни е на денешниот дневен ред не не води никаде. Таква одбрана на македонскиот јазик и на македонштината не и треба.

Бидејќи почитуваниот колега Емилијан Станковиќ дефинитивно не може да се откаже и од своето портпаролство во својата матична партија, ќе го упатам сепак да биде малку поревносен, да ги чита и колумните ад хоминен, да не спомнувам сега имиња, на двајца поранешни негови и наши колеги од овде од Парламентот, кои пишуваат редовно колумни и кои му даваат совети на сегашното раководство на СДСМ како треба да се реформираат, како не треба да препишуваат партиски програми од сесринските партии, како треба да бидат здрава опозиција во Парламентот итн. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика се пријави господинот Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам потпретседателке.

Господине Шутаров, немојте многу да се грижите како ќе се реформира СДСМ и дали е реформиран. Не ве видов да земете збор или да му реплицирате на вашиот колега Александар Николоски кога само три или пет секунди говореше по Законот.

Ве молам, сакам да ви упатам една порака. Во исто време кога говореше Александар Николоски, во неколку наврати го навреди претседателот на државата господинот Бранко Црвенковски кој што секако согласно Уставот и согласно законите е институција во Република Македонија и немојте да заборавате дека можеби утре и некој ваш кадар ќе стане претседател на државата, па ќе мора да ја почитувате таа институција. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господоѓо потпретседател,

Јас би сакала да ви го честитам изборот за потпретседател на Собранието на Република Македонија и верувајте, доколку не не избркавте од Собранието јас ќе бев прва која што ќе ве подржев, затоа што сметам дека жените заслужуваат да имаат такви позиции во Собранието.

Почитувани колеги пратеници, почитувана госпоѓо потпретседател, значи, цело време овде дебатата ја вртите, односно дел од дискутантите и во делот кој што се однесуваше на процедурата си ја вртите на своја вода, без да се погледне вистината во очи.

Гледате, салата е полупразна, нема многу пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, затоа што навистина тешко е да се слушаат вистините, тешко е да се прифати онаа вистина, а она што некогаш било матрица за добивање на политичка власт.

Затоа треба да дојдат сите тука и да ја издржат дебатата бидејќи не гледам еден единствен пратеник да има јавен за збор по овој закон, нема никој друг. Останатите си читаат весници и дел од оние кои што не можат да издржат критика избегаа од салата и тоа е реалноста.

Што сакавме ние како СДСМ да укажеме со нашава денешна дебата. Сакавме да кажеме дека ние никогаш не сме биле против правата на граѓаните, против правата на припадниците на етничките заедници, но ние секогаш сме биле за почитување на Уставот, за почитување на законите.

Денеска ние остро реагиравме на процедурата, со која што се донесоа бројни закони во наше отсуство и со која што се донесува упорно овој закон.

За потсетување на јавноста овој закон беше ставен на дневен ред на 27-ми во 17,00 часот. Значи, беше свикана седница ден пред изборот на Владата. Секако тоа беше обврска на коалициониот партнер да се донесе овој закон за наредниот ден да се формира или да се подржи Владата. Тоа ништо не е спорно, меѓутоа, зошто вакво брзање, зошто работење се пет до дванаесет. Зошто свикување на седници пет до дванаесет. Зошто донесување на закони во доцните вечерни часови. Не може да се истрпи дебатата! Не може да се истрпи вистината која што ви е фрлена сега во очи! Треба храбро да си понесете за се она што досега како став сте го држеле, а сега веќе ви паѓа во вода. И денеска истото го покажувате.

Свикувате седница по СМС порака во 12,30 часот, за во 15,00 часот, без да знаеме што точка ќе биде на дневен ред, без да имаме материјали, го ставате повторно истиот закон.

Мислам дека навистина на македонската јавност дефинитивно и сами и покажувате дека нешто во вашата коалиција, нешто во вашиот договор се крие. И ние како граѓани на Република Македонија сакаме да знаеме, затоа што сакаме како граѓани на Република Македонија да знаеме на каде ќе оди државата.

Повторно повторувам, ние како СДСМ не сме против правата на припадниците на заедниците кои што со Уставот и законите им се гарантирани. По се изгледа, разните спектакуларни работи кои што ги правевте изминативе две недели, очигледно ви беа алиби за да покриете многу работи кои што ги правите. Сега само би сакала да ве потсетам. Ние имаме континуиран став. Ние уште од 2002 година со нашиот начин на однесување сме покажале каква Македонија сакаме да градиме. Ние уште тогаш сме покажале и претходно, дека не сме против ниедна заедница, ние уште тогаш сме покажале дека сме спремни во оваа држава да живееме сите заедно, за разлика од вас во 2002 година, потсетете се, дека сега вашите коалициони партнери кои што јас ги почитувам, затоа што сум соработувала 4 години со нив, нашите коалициони партнери тогаш ги нарекувавте теротисти, ни цртавте албански капчиња на главите и не прогласивте дека ние ја продаваме Македонија, ние ја продаваме државата. Што се случи сега кај вас што одеднаш сега повторно ние сме виновни за некои работи кои што ви се случуваат.

Само да потсетам на двајца ваши истакнати во времето на изборот на Владата 2002 година, двајца ваши истакнати членови при образложението зошто не сте за тогашната Влада, или за тогашната коалиција, дека ние комуницираме со терористи, дека ја продаваме Македонија, дека оваа Влада е Влада на амнестирани министри и дека е разочаран македонскиот народ и нашите гласачи, значи, гласачите на СДСМ. Сега поставувам прашање: Дали се разочарани вашите гласачи? Што се смени кај вас? Одам понатаму. Мајскиот договор постигнат помеѓу ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ. Едните велат има договор, а премиерот упорно тврди дека нема. Сега сме сведоци дека навистина имало Мајски договор, затоа што сите точки од

Мајскиот договор се веќе скоро реализирани со исклучок на една или две.

Сега поставувам прашање: Сакам да одговорите пред македонската јавност, има ли Мајски договор, или нема? Македонската јавност знае дека има Мајски договор. Но, еднаш барем еднаш признајте, еднаш барем водете политика навистина реално, а не да ја префрлате топката секогаш кога ќе ви зажежи, на друга страна. Ќе дојде почитувани колеги и исполнувањето на третата точка, вие знаете која е, дали тогаш еден ваш истакнат пратеник кој викаше дека имам уште една причина да не гласам, односно 32 причини со име и презиме и 45 исто такви причини со име и презиме. Како ќе и одговорите на македонската јавност. Кога сте биле реални? Јас имам високо изразено пратриотско чувство. Јас сакам да се извините и на ДУИ, јас сакам да се извините и на СДСМ, многу сакам мене лично да ми се извинете. Затоа што изминативе 6 години ме прогласувате за распродавач на националното на Република Македонија. Сакам да ми се извините затоа што сега, еве и на оваа седница и на уште една седница која што ќе следува кога ќе дебатираме по една од другите точки, таа третата точка за која кажувам, затоа што се докажа дека навистина ние имаме конзистентен став и кога сме во позиција и кога сме во опозиција. А не како вие, ги менувате по потреба заради политички поени. Би сакала да привршам, затоа што веќе немам време еден ваш истакнат партиски војник вика, политиката е следење на цели што, така кажал Аденауер како десничар, политиката е следење на цели што човек си ги поставил пред себеси врз основа на погледот на светот кој го носи во себе. Јас се прашувам сега, кој е погледот на светот кој што вие го носите со себе. Оној 2001, 2002 поточно, оној од Мајскиот договор, овој сега. Е сега, мене ми е јасно дека само политичките интереси ви се трајни, а се криете зад националните чувства на народот. Ви благодарам и навистина од сите оние што овие 6 години ме прогласиле и ми демонстрирале пред мојата земја дека сум предавник на македонштината јавно да ми се извинат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор се пријави и има збор госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Претседателе, дами и господа пратеници,

Претходниот претседател на Собранието на Република Македонија често пати сакаше да признае дека политиката станала театар и после некоја од седниците заедно коментиравме дека единствената разлика е што во нашиот случај театарот е константно лош.

Мислам дека по прашањата кои произлегуваат од Охридскиот договор, по прашањата кои се однесуваат на меѓуетничките теми во македонскиот Парламент има, или во однесувањето на сегашното парламентарно мнозинство има една константа. Театарот е од два чина и не можете да сфатите дека исти луѓе глумат и во првиот и во вториот чин, а во двата чина излегуваат со сосема спротивни ставови.

Јас нема да се навраќам на многу реченици тешки кои што паднаа во ова Собрание. Нема да се навраќам ни на многу колумни во кои што лесно беше да се навреди противникот. Лесно беше да се навреди СДСМ, за ДУИ не се бираа зборови, меѓутоа тие зборови треба да се голтнат. И сега тие зборови и разликата во тие ставови треба да се објасни пред македонската јавност. Сакам да кажам зошто е тоа битно, не само заради односите помеѓу ДПМНЕ и ДУИ, туку е битно и заради Македонија. Во првиот чин на овој политички театар на ВМРО-ДПМНЕ се се води под синтагмата “ништо не даваме”. И сето тоа се става во обландата на големиот патриотизам. Ништо не им даваме на Албанците, значи ние сме најголеми Македонци. Ништо не им попуштаме на Албанците, значи само ние ја браниме Македонија. Сите останати, СДСМ, ЛДП, било кој друг, медиумите се предавници. Шест години, барем во последниве ќе говорам исто беше и во 90-тите години. Шест години, исти имиња и презимиња не престанаа да покажуваат со прст кон наводни предавници. И шест години после ни тврдеа дека кога ќе дојдат се обратно ќе направат. Шест години велеа дека ништо не даваме и затоа сме единствените патриоти, е денеска во новиот втор чин на театарската лоша пиеса велат, е сега ќе дадеме ама ќе молчиме и ќе се трудиме тоа да се случи во петок попладне пред празник за да ниту еден во македонската јавност не сфати дека во минатите шест години еден збор вистинит не сме кажале. Се сеќавате на, многу има исти пратеници од минатиот состав, се сеќавате на седницата за пратенички прашања каде што истиот тогашен и сегашен премиер тврдеше дека оваа хартија не ја потпишал, не ја признава и ја смета за невалидна. Денеска од таа хартија од петте точки, четири се веќе реализирани. Честитам и на Ахмети, честитам и на Груевски. Тоа што се договориле, го реализирале. Ама зошто беше потребата две години Груевски да ни се колне дека ова е обичен лист хартија кој не е ни потпишан. Едната точка е само за семејствата на ОНА кои што треба да се обештетат, очекувам во текот на нашиот таканаречен годишен одмор во петок попладне да закажете нова седница и тоа прашање да го решите. Две години не лажевте.

Во целиот овој период од година и половина ВМРО-ДПМНЕ кога сакаше да се оправда од Мајскиот договор тврдеше дека закон за употреба на јазиците на етничките заедници кои што се над 20% би бил неуставен и незаконски и дека тој би бил штетен за интересите на Република Македонија. Јас ќе ви го кажам моето мислење. Мислам дека е ова добар закон. Има некои грешки кои што не можете да ги забележите бидејќи не сте го ни прочитале, така го носевте и законот, добро е што денеска го разгледуваме има шанси некои од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ може и да го прочитаат. Меѓутоа, ова е добар закон. Зошто, го поставувам едноставното

прашање, зошто Македонија требаше да изгуби две години во кои ВМРО-ДПМНЕ тврдеше, се ќе направиме ама ова не го прифаќаме. Кој денеска во ВМРО-ДПМНЕ власта, мнозинството ќе ја понесе одговорноста дека на крај закон бил донесен. Ама две години на Македонија никој не и ги враќа. Каде е денеска таа политичка проценка дека е ова неуставно. Кога се донесе Мајскиот договор презеде и Груевски и Ахмети обврска дека ќе се донесе закон за Комитетот за односи меѓу заедниците. И тоа го завршивме. И три недели истрошивме на апсолутно непотребна дебата во Собранието дискутирајќи дали од 46-те закони кои што сте ги договориле треба на 11-то место да биде Законот за употраба на јазиците или не. И тогаш ние како опозиција која можеше да го искористи тоа за напад на власта рековме, дајте не правете глупости. Нека стои законот ништо не е проблем. Вие ВМРО-ДПМНЕ не убедувавте дека ако еден таков закон стане дел од обврските на Македонија дека Македонија ќе пропадне. Е па кај се сега сценаријата ваши, господа пратеници. Каде е таа тврдоглавост и удирање со глава во ѕид која што ја правевте две години. Или не ве болеше затоа што главата беше на Македонија, а вие си игравте политика. Се сеќавам дека пред неколку години кога имавме обратни улоги и кога опозицијата на ВМРО-ДПМНЕ седеше од оваа страна, дрва и камења фрлавте против тогашната власт дека во законот во кој што ги регулира постапките сме овозможиле ако некој граѓанин на Македонија, Албанец пише писмо до подрачното Министерството за правда дека може да го пише на албански и да му го вратат и на македонски и на албански. Дрва и камења фрлавте по власта, сега гледам во законот не што е можно да се пишуваат писма до подрачните министерства, можат и директно во Скопје да ги пишуваат на својот мајчин јазик и ќе бидат одговорени на двата јазика. Се сеќавате ли со кои погрдни зборови го нападнавте носењето на Законот за пасоши. Точно се сеќавам на сите перјаници на ВМРО-ДПМНЕ кои тврдеа дека со тоа се погазил Рамковниот договор, Уставот и дека со тоа се руши државата, затоа што на пасошите на некои граѓани на Македонија, истото тоа ќе го пишува и на албански. Прочитајте го членот 29, прочитајте го членот 30 ако не сте стигнале.

Почитувани колеги, многу е лесно да се биде политичар, ако немате меморија. Многу е лесно денеска да се мисли дека денот почнува од вас. Ама граѓаните памтат. Јас сакам да го кажам и мојот личен став. Значи, СДСМ сметаме дека добро е ова прашање да го решиме и да го оставиме зад нас. И добро е на ова прашање да не му пријдеме како на политика, која што ќе биде само основ за делби, туку да кажеме имаат одредени права и Македонците и Албанците, кои што воопшто не си сметаат едни на други. Никој во ова Собрание и во оваа држава не може да каже кои се поголемите, кои се помалите Македонци, или Албанци. Јас сакам да кажам дека како на Македонка апсолутно не ми смета, тоа што на некои од пратениците еве, на Адеми Џеват на пасошот му стои дека е пасош на Република Македонија и на албански јазик. Воопшто не ми смета. И се чудам зошто тоа на ВМРО-ДПМНЕ му сметаше пред неколку години, а денеска не. Воопшто не ми смета кога еден граѓанин на Република Македонија на својот мајчин јазик може да поднесе барање за некоја градба, барање за социјална помош. Не ми смета. И не сметам дека со тоа сум помалку патриот и помалку Македонка. Ама ми пречи кога некој пали меѓуетнички оган пред неколку години за истиве овие прашања, а денеска сака во петок попладне да ги помине законите, само да не се сети јавноста што се случува во Македонија.

Почитувани пријатели, денеска очекував како и пред неколку недели кога имавме избор на Владата дека и Груевски ќе излезе и ќе каже погрешив овие две години. Ја држев Македонија во заложништво, тврдев дека Мајски договор не постои, тврдев дека Законот не треба да се носи и сфатив врз база на моето искуство дека сум водел погрешна политика. И затоа, ви предлагам да ја промениме политиката. Тоа ќе беше можеби театар со два чина. Но, ќе беше добар театар, затоа што сметам дека со ваквото однесување и во ова Собрание нема да се постигне целта на Законот. Кога го чув предлагачот, чув дека сакаат со овој закон да ја изградат довербата. Довербата не се гради со молчење.

Довербата помеѓу Македонците и Албанците не се гради на тој начин што ДУИ ќе предлага, а вие ќе молчите и ќе гледате никој да не дознае дека ВМРО ДПМНЕ гласал за законите кои ги диктирал ДУИ и кои две години ВМРО ДПМНЕ тврдел дека нема шанси да бидат изгласани.

Ако сакавте да градите доверба денеска, барем еден ваш пратеник, ќе излезеше и ќе кажеше го прочитавме законот и сметаме дека е добар.

За жал, почитувани пратеници, овој закон сега велите дека е донесен согласно Уставот, законите и принципите на ВМРО ДПМНЕ. Каде се променија принципите на ВМРО ДПМНЕ за толку кратко време? Зошто тоа не беше согласно Законот и Уставот пред година дена, па Македонија можеби веќе ќе преговараше со Европската унија и ќе имаше многу подобра политичка клима отколку оваа денес.

Затоа на крај ќе кажам дека пратеничката група на СДСМ ќе гласа закон кој решава еден проблем. Меѓутоа, сметаме дека со ваквото однесување на ВМРО ДПМНЕ не се решаваат проблемите во Македонија. Се надеваме дека праксата на носење закони во петок попладне ќе престане и дека ВМРО ДПМНЕ ќе може, барем пред јавноста и пред своите граѓани, со образ да каже што е за гласање, а што не е за гласање. Во спротивно драги почитуван претседателе многу често ќе се наоѓаме во слична ситуација каде пратениците на ВМРО ДПМНЕ ќе гледаат во под заради зборовите кои ги кажале и многу брзо ги заборавиле. Благодара.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор се имаше јавено господинот Џеват Адеми, но бидејќи не е присутен во салата, го губи правото на збор.

Давам пет минути пауза односно ја прекинувам седницата, за пет минути продолжуваме, ќе продолжиме во 19,10 часот.

(Седницата прекина во 19,04 часот)

По паузата седницата продолжи со работа во 19,12 часот)

Продолжуваме со работа.

За процедурално се има пријавено госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе, бидејќи некаде околу 12,30 часот добивме една друга порака по СМС дека се прекинува годишниот одмор од 1 до 18 август кој ни беше претходно даден, па би сакала да ве прашам дали оваа порака останува во сила, бидејќи имаме други активности на терен, во интерес на планирање на нашето време би сакале да знаеме дали во иднина може да ни се случи иста ваква седница во овој период од 1 до 18, дали Собранието работи од 1 до 18 или сме на годишен одмор. Да знаеме, за да не се доведуваме во заблуда затоа што навистина тешко е од подалечните места за еден или за два часа да се стигне на седница и да се закажуваат вакви седници.

**Трајко Вељаноски:** Јас сакав да ве известам по завршувањето на оваа седница, но еве сега ќе ве известам. Јас потпишав допис во кој стои дека одморот продолжува од 5-ти односно од утре до 18 август. Тоа известување ќе го добиевте по завршување на седницата. Оваа седница е свикана, знаете од кои причини, да не се објаснуваме сега, тоа е тоа што мислев да ви го соопштам односно писмено да бидете известени по седницата преку СМС, но и покрај тоа што ќе добиете написмено еве вака преку говорница ве информирам сите дека од 5 до 18 е годишниот одмор на пратениците, после 18 август има редовни активности кои се во склоп со Деловникот. Како прво закажана е седница на 25 август, а за тоа време од 18 до 25 ќе работат комисиите по однос на извештајот што треба да го достават за 25 август.

Продолжуваме со работа.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по Законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 на амандманот 10 од Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се доенсува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеника, сите 76 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Законот.

Ве повикувам да гласаме.

На седницата присуствуваат 22 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за законот гласаа сите 22 пратеника, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 21-та седницата на Собранието на Република Македонија е завршена. Благодарам.

(Седницата заврши во 19,16 часот)